Врз основа на член (97) став (1) од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/2015), Националната комисија за учебници донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за исправка на техничка грешка во Решение со број 26-579/1 од 06.05.2026 година за формирање на Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописи за учебници по Конкурс за учебници во основно образование со архивски број 26-1056/1 од 23.09.2025 година за наставниот предмет Физика за VIII одделение во основно образование

1. Во Решението со број 26-579/1 од 06.05.2026 година во преамбула датумот „11.03.2026 година“ се заменува со датумот „27.04.2026 година“.
2. Ова Решение има правно дејство од денот кога има правно дејство во Решението за формирање на Рецензентска комисија со број 26-579/1 од 06.05.2026 година.
3. На Решението за формирање на Рецензентска комисија со број 26-579/1 од 06.05.2026 година да се стави забелешка за направената исправка.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Член (97) од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/2015), државниот орган што го издал управниот акт може во секое време да ги исправи грешките во имњата или броевите, пишувањето или сметањето, како и други очигледни неточности во управниот акт или во неговите заверени преписи. Со оглед на фактот што во Решението за формирање на Рецензентска комисија со број 26-579/1 од 06.05.2026 година, во преамбулата има грешка во поглед на датумот на кој се одржала седницата на Националната комисија за учебници на која е донесено Решението поради што се постапи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА УЧЕБНИЦИ,**
Проф. Д-р Ташко Ризов

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=324481, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.07.05 10:45:15 +02'00'


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi “ nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk